# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2020 ГОДИНА

Промоцијата на здравјето на населението на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје Скопје и во првото полугодие од 2020 година продолжи со здравствено-едукативни активности согласно задачите на Националната Годишна Програма за јавно здравје на Р. Македонија за 2020 година.

Поради Пандемијата со вирусот Covid -19, едукативните активностите се спроведуваа во првото тримесечје од 2020 година, бидејќи Установите во кои спроведувавме активности, беа затворени од Владата на РСМ, поради превентивни карантински мерки за заштита на здравјето на учениците. Податоците за промоцијата на здравјето и спроведените активности од центарот за јавно здравје Скопје се однесуваат на првиот квартал од 2020 година.

Едукациите се спроведуваа согласно Планот за работа на ЦЈЗС и Националната годишна програма за јавно здравје за 2020 година во основните училишта, средните училишта, во установи за згрижување на мали деца од 1 - 6 години и во установите за згрижување на стари лица.

Исто така, беа спроведени едукативни активности и по барање на Установите во координација со Општините на Градот Скопје.

За таа цел се спроведуваше здравствена едукација на сите популациони групи со одржување на предавања, трибини, индивидуални и групни едукации на населението.

Па така, беа посетени 5 основни училишта со подрачните единици, 2 средни училишта, една детска градинка и едан установа за згрижување на стари лица.

Едукациите се спроведуваа и во Центарот за јавно здравје Скопје, во Советувалиштето за откажување од пушење и во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.

Поради пандемијата Covid – 19, беа спроведени едукативни обуки на здравствените работници во ЦЈЗС на тема: Превенција и заштита на населението од Пандемијата Covid – 19, поради вклучување на наш здравствен кадар во активностите на Одделението за епидемиологија при ЦЈЗС, едукација на вработени за земање на брис на терен во одредени пунктови на подрачјето на Скопје, едукација за мерење на базална температура на патниците кои доаѓаат на Аеродромот во Скопје, како и активности во креирање на упати на Пациенти со Covid -19, одредување на изолација итн. Односно континуирана соработка со ,,Мој термин" при Министерството за здравство и со матичните доктори.

Начелно, во Скопскиот регион едукациите во *Основните училишта* беа реализирани со 294 предавања, со опфат на 3407 ученици.

На подрачјето на Скопскиот регоин, во средните училишта  беа одржани 29 предавања со опфат на 430 ученици.

Во предучилишните Установи за згрижување на мали деца од една до шест години беа опфатени 284  деца со одржани 6 едукации.

Беше одржано 1 предавања со опфат на 45 стари лица во еден старски дом.

Во основните беа одржани вкупно 4 трибини со опфат на 102 ученици на теми поврзани со едукативните предавања според Планот за работа.

Во *Советувалиштето за откажување од пушење* при Центарот за јавно здравје Скопје, беа одржани 2 групни предавања и беа анкетирани 13 лица. Во врска со спроведување на индивидуални едукации беа опфатени 4 лица, но веќе во април месец беа прекинати поради Пандемијата Covid -19.

Бидејќи во *Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје* при Центарот за јавно здравје Скопје, во првото тримесечје од 2020 година немаше интерес за негова посета, стручни кадри од нашето одделение го посетија СЕПУГС ,,Арсени Јовков“ во општина Бутел, при што беше спроведено анкетното истражување на 25 ученици на кои им беа дадени совети во врска сексуално и репродуктивно здравје.

## I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општина Центар беше посетени Јавната детска установа за згрижување на предучилишни деца, ЈУДГ ,,13 НОЕМВРИ” во која беа одржани 6 предавања со опфат на 284 деца. Предавањата беа оддржани на следните теми: ,,Лична хигиена” и ,,Здравствен бенефит од редовни физички активности”.



**ЈУДГ ,,13 НОЕМВРИ” – општина Центар**

## II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта на подрачјето на Скопје, беа одржани вкупно 323 предавања со опфат на 3837 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Студеничани, Карпош, Центар и Гази Баба во следните училишта:

- О.У. ,,Наим Фрашери” Општина Студеничани
- О.У. ,,Петар Поп Арсов” Општина Карпош
- О.У. ,, Владо Тасевски” Општина Карпош
- О.У. ,,Киро Глигоров” Општина Центар
- О.У.,,Глигор Прличев” Општина Гази Баба



**О.У. ,,Наим Фрашери” – општина Студеничани**



**О.У. ,,Петар Поп Арсов” – општина Карпош**



**О.У. ,,Владо Тасевски” – општина Карпош**



**О.У. ,,Киро Глигоров” – општина Центар**



**О.У.,, Григор Прличев” – општина Гази Баба**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани  на следните теми:

- Лична хигиена
- Исхрана – Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Одделението за социјална медицина преку Отсекот за промоција на здравјето, здравствено воспитната активност ја спроведуваше и во средните училишта во Градот Скопје. До првата половина на месец март беа посетени средни училишта во општината Сарај и во општината Бутел се до затворањето на средните училиштата, поради карантинските мерки за заштита на учениците од ширењето на Пандемијата Covid -19.

За таа цел беа посетени следните средни училишта:

- СИУ ,, Иса Беу медреса” – општина Сарај
- СЕПУГС ,, Арсени Јовков” –општина Бутел

Во споменатите училишта беа одржани вкупно 21 предавања со опфат на 451 ученик. Предавањата беа одржани на следните теми:

- Исхрана - Здрави училишни оброци
- Сексуално-преносливи инфекции и
- СИДА



**СИУ ,, Иса Беу медреса” – општина Сарај**



**СЕПУГС ,, Арсени Јовков” –општина Бутел**

## IV Одржани трибини во основните училишта

Во првто полугодие од 2020 година беа одржани 4 трибини во основните училишта во општините Центар и Карпош и тоа во следните училишта:

- О.У. ,,Петар Поп Арсов" Општина Карпош(1)
- О.У. ,,Владо Тасевски" Општина Карпош(1)
- О.У. ,,Киро Глигоров" Општина Центар (2)

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Лична хигиена (1)
- Исхрана – здрави училишни оброци (3)

На предавањата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето при ЦЈЗС како и пропаганден материјал од Министерство за здравство и од Институтот за јавно здравје на РСМ.

## V Во состав на Одделението за Социјална медицина функционираат две Советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

### 5.1 Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје

Во првото полугодие од 2020 година, од Центарот за јавно здравје Скопје беше одржано 1 предавања од областа на сексуално и репродуктивно здравје на 25 ученика во СЕПУГС ,, Арсени Јовков" и дадени 25 совети. Исто така беше спроведено анкетно истражување на 25 ученика, на кои им

беа поделени 10 брошури на следната тема: ,,Најчести прашања и одговори за Вашето сексуално и репродуктивно здравје”.

## 5.2 Советувалиште за откажување од пушење

Во првото полугодие од 2020 година, во Центарот за јавно здравје Скопје, немаше интерес од клиенти за посета на Советувалиштето за откажување од пушење.

За таа цел, беа оддржани две предавања на тема : Пушењето е ризик фактор за настанување на одредени болести на лица кои ја посетуваат Обукитата за основни знаења за безбедност на храната, со покана за откажување од пужење преку индивидулни едукации на сите заинтересирани лица.

Групните едукации опфатија 13 лица.

Исто така и во првото полугодие продолжија индивидуалните едукации на 4 пријавени лица за откажување од пушење, но поради пандемијата од Covid-19, истите беа прекинати во месец април.

## VI Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Стручни лица од Центарот за јавно здрвје Скопје ја посетија Установата за згрижување на стари лица ,,Резиденција Дабески". во општина Сопиште и на 45 стари лица беше оддржано едно предавање. Предавањето беше одржано на тема ,,Унапредување на здравјето на стари лица".



**Дом за стари лица ,, Резиденција Дабески" – општина Сопиште**

## VII Изготвен едукативен материјал

Во првото полугодие од оваа година се изготвени промотивни материјали на следните теми:

- Хигиена на рацете
- Едукација на клиентите во процесот на откажување од пушење
- Превенција и скрининг од малигни болести

Исто така е дистрибуиран едукативен материјал во училиштата на следните теми:

- Најчести прашања и одговори за вашето сексуално и репродуктивно здравје
- Здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана

## VIII Учество на здравствен кадар од одделението за Социјална медицина на семинари и обуки вон ЦЈЗС

Во првото полугодие од Одделението за Социјална медицина вработените земаа учество во работна група и посета на обука - тренинг и тоа:

- Учество во обука – тренинг ,,Подобро здравје за мајките и новороденчињата во РСМ, напредок во зајакнување на примарна здравтсвена заштита", организирано од Министерство за здравство;
- Учество во Работна група во Министерство за здравство, за подготовка на Пријава за насилство за возрасни и за деца.

Јули, 2020

---

Изготвил: Прим. д-р сци. д-р Персида Малинска, Раководител на Одделението за Социјална медицина